# II тема: Книжевност

## II.2 Лирика

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Кои се особеностите на лириката?

- Лириката е книжевен род кој се развил од епската песна.
- Своето име го добила од стариот хеленски музички инструмент наречен лира.
- Лирските песни се пееле само во придружба на музика и танц, па затоа овој книжевен вид го носи тоа име.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 2. Што изразувале лирските поети со песната? Кој бил Орфеј?



- Хеленските и римските лиричари своите чувства и мисли ги изразувале преку лирските песни кои имале значајно пократка содржина од епските.
- Во хеленската митологија Орфеј бил славен митски пејач, кој од богот Аполон ја добил лирата, а пеејќи ги маѓепсувал луѓето, ги кротел ѕверовите, ги праќал дрвјата и карпите. Се сметал за првиот лирски поет.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

## ΟΡΦΕΥΣ ΑΔΩΝ ΕΚΙΝΕΙ ΛΙΘΟΥΣ ΤΕ ΚΑΙ ΔΕΝΔΡΑ

Пеејќи Орфеј придвижуваше карпи и дрвја



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Поделба на античката лирика и соната со лира во изведба на композиторот Никос Ксантулис

- **Античката лирика е поделена на хорска и монодиска.**
- **Песните од хорската лирика се составувале за пеење во хор по повод некој настан или за некоја бележита личност, додека песните од монодиската лирика имале поинаква намена, тие се пееле само од страна на едно лице кое често било творец на песната.**




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Прочуени антички лиричари



Хеленски лирски поети

**Алкај**, **Сапфо** и **Пиндар**






Римски лирски поети

**Катул**, **Хоратиј** и **Овидиј**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Од каде лириката го добила своето име?
- Од музичкиот инструмент лира.

- Со кои видови на уметност била придружена лирската песна?
- Со музика и танц, односно со музичка и танцова уметност.

- Што изразувале преку лирските песни хеленските и римските лиричари?
- Своите чувства и мисли.

- Кој бил Орфеј? Објасни.
- Орфеј бил славен митски пејач, се сметал за првиот лирски поет.

- Како е поделена античката лирика?
- На хорска и монодиска.

- Кој ги исполнувал песните од хорската лирика, а кој од монодиската (соло) лирика?
- Хорот ги исполнувал песните од хорската лирика, а од монодиската лирика само едно лице.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Кои биле славните хеленски лиричари?
- Алкај, Сапфо и Пиндар.

- За што се смета поетесата Сапфо денес?
- За прва жена која пишувала љубовна лирика во антиката.

- Кои биле славните римски лиричари?
- Катул, Хоратиј и Овидиј.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# ДОМАШНА ЗАДАЧА:
## Изработка на цртеж со Орфеј и лира

- На лист од блок нацртај го митскиот пејач Орфеј со лира во рака. Обој го ликот и инструментот со дрвени боици/фломастери.
- Покрај цртежот напиши краток опис за Орфеј. Податоци за Орфеј пронајди на интернет или во некоја енциклопедија.
- Фотографирај го цртежот и фотографијата прикачи ја како исполнета домашна задача во Мајкрософт Тимс во папка.




Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND